РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-990/21
23.09 2026 год.
ВЕЛЕС

НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

21. Интернационален фолклорен фестивал

Велес, јули 2026 година

Вкупен буџет на манифестацијата	1.275.547,00 денари
Вкупен износ на средства од Општина Велес	819.547,00 денари
Вкупен износ на средства одобрени од Министерство за култура и туризам	456.000,00 денари

Место на реализација на манифестацијата	Време и времетраење (во денови) на манифестацијата
Амфитеатар во Младински парк Велес Република Северна Македонија	Од 01.07.2026 до 05.07.2026 / 5 денови

Соработници вклучени во проектот

Томе Јаневски, претседател на организациски одбор, соработник (претставник од ансамбл „Керамичар“)

Сашко Анастасов, член на организациски одбор, соработник (претставник од ФА „Вила Зора“)

Николче Петрушвски, член на организациски одбор, соработник (претставник од ансамбл „Керамичар“)

Тодор Јакимовски, член на организациски одбор, соработник (претставник од КУД „Коле Неделковски“)

Бесим Ахмедов, член на организациски одбор, соработник (претставник на КУД „Бирлик“)

Наративен извештај

Дваесет и првиот Интернационален фолклорен фестивал „Велес 2026“ беше успешно реализиран во согласност со планираната програмска концепција, утврдената динамика на активности и поставените програмски цели. Со својата содржина, организација и меѓународен карактер, фестивалот претставуваше значајна културна манифестација која придонесе кон унапредување на културниот живот, промоција на традиционалните културни вредности и јакнење на меѓународната културна соработка.

Во рамките на фестивалската програма учествуваа домашни и странски фолклорни ансамбли, кои преку своите настапи ја претставија богатата традиција, музичкото и танцовото наследство, народните носии и обичаите на земјите од кои доаѓаат. Разновидноста на програмските содржини овозможи непосредна презентација на различните културни традиции и создаде простор за размена на искуства, воспоставување нови партнерства и развивање на меѓусебно разбирање и почитување помеѓу учесниците.

Фестивалските активности беа реализирани преку свечено отворање, традиционално дефиле на учесниците, концертни настапи, културни презентации и придружни содржини, при што сите програмски активности беа успешно реализирани според предвидената агенда. Настаните беа проследени со голем интерес од страна на граѓаните и посетителите, што придонесе за афирмација на фестивалот како препознатлива меѓународна културна манифестација со долгогодишна традиција. Фестивалските вечери ги проследија над 8.000 посетители

Особено значење имаше промоцијата на македонското нематеријално културно наследство пред меѓународната јавност, преку претставување на автентичните македонски ора, песни, традиционални носии и народни обичаи. Истовремено, присуството на ансамбли

од повеќе држави овозможи културна размена, поттикна интеркултурен дијалог и ја зацврсти соработката меѓу институциите и фолклорните организации од различни земји.

Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2026, во текот на подготвителниот период од февруари - мај 2026 година, одржа низа средби во интерес на што поуспешна реализација на дваесет и првиот Интернационален фолклорен фестивал. Во периодот мај - јуни 2026 година одржа седници за подготовка на Програмата на фестивалот и прес конференција наменета за за информирање на граѓаните за текот и програмата на фестивалот.

Во подготвителниот период, членовите на Организациониот одбор донесоа заклучоци дека финансиските средства наменски ќе се трошат и дека најсовесно и најодговорно ќе учествуваат во реализацијата на сите добиени обврски кои произлегуваат од Програмата за реализација на фестивалот.

На прес- конференциите се промовираше Програмата и сите потврдени учесници на фестивалот, а на седниците беа донесени потребните одлуки и заклучоци поврзани со реализација на Програмата. Она што посебно треба да се истакне е дека фестивалот е член на ЦИООФ- меѓународниот совет на организации на фолклорни фестивали и популарни уметности, глобална невладина организација посветена на зачувување и промовирање на традиционалната култура и фолклорот.

Реализирани програмски активности

Во рамките на проектот успешно беа реализирани следните активности:

- организација и координација на учесниците од земјата и странство;
- свечено отворање на фестивалот;
- традиционално дефиле на сите ансамбли;
- реализација на вечерни концертни програми;
- претставување на традиционални игри, песни и народни носии;
- организирање културни средби и дружења меѓу учесниците;
- промотивни активности и медиумско следење на фестивалот;
- свечено затворање и доделување благодарници и признанија на учесниците.
- Сите активности беа реализирани во согласност со програмата и организацискиот план, без отстапувања од предвидената динамика.

На дваесет и првиот Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2026 учествуваа фолклорни ансамбли од :

- Полска
- Србија
- Мексико
- Албанија
- Италија
- Австралија
- Бугарија
- Костарика

Од Република Северна Македонија на фестивалот, освен културно- уметничките друштва и ансамбли од Општина Велес, настапија: КУД Дримкол – Вевчани и ГАКУД Браќа Ѓиноски - Гостивар

Од Општина Велес на Фестивалот настапија:

- ФА „Вила Зора“ - Велес
- Ансамбл „Керамичар“ – Велес
- КУД „Коле Неделковски“ – Велес
- Ансамбл „Распеани велешани“

Сместување и исхрана на гостите

Учесниците на фестивалот од странство беа сместени во Ученичкиот дом ,,Лазар Лазаревски". За време на престојот им беа организирани разгледување на градот, на културните знаменитости и езерото Младост. За престојот и евентуална помош на гостите учесници, се грижеа одговорните лица кои Организацискиот одборо ги ангажира за таа намена.

Програмска содржина

Фестивалот се одржа во 4 фестивалски вечери во периодот од 01 јули до 04 јули 2026 година на летната сцена во Амфитеатарот во Младинскиот парк, а во случај на временски непогоди беше резервирана спортската сала на ООУ „Блаже Конески".

Фестивалот започна со дефиле по улиците на градот, кое и оваа година го проследи бројна публ

На Свеченото отварање и првата фестивалска вечер настапија

- Ансамбл „Керамичар" - Македонија
- ФГ „Мишел Грион" - Италија
- МКУД „Македонски бисери" - Австралија
- ФА „Лублин" - Полска
- КУД „Дримкол" - Македонија
- ФА „Аколмизтли Мацехуани" - Мексико

Втора фестивалска вечер

- ФА „Аколмизтли Мацехуани" - Мексико
- МКУД „Светлост" - Австралија
- КУД „Доситеј Обрадовиќ" - Србија
- ФА „Лублин" - Полска
- ФГ „Мишел Грион" - Италија

Трета фестивалска вечер

- ФА „Цецуц" - Коста Рика
- Ансамбл за народни песни и танци ,,Взраждане,, - Бугарија
- ФА „Даволи" - Албанија
- ГАКУД „Браќа Ѓиноски" - Македонија
- ФА „Аколмизтли Мацехуани" - Мексико
- КУД „Коле Неделковски" - Македонија
- ФА „Лублин" - Полска

На Свеченото затворање и четрта фестивалска вечер настапија

- Распеани велешани" - Македонија
- МКУД „Гоце Делчев" - Австралија
- ФА „Аколмизтли Мацехуани" - Мексико
- ФГ „Мишел Грион" - Италија
- ФА „Лублин" - Полска
- ФА „Вила Зора" - Македонија

Распоредот на настапите на ансамблите, групите и културно уметничките друштва, во сите фестивалски вечери е објавен во брошурата што ја издаде Организациониот одбот на фестивалот.

За сите учесници Организациониот одбор на ИФФ организираше завршна забава на отворено во Еко- камп на Велешко езеро.
Со реализацијата на манифестацијата беа постигнати предвидените цели и резултати:

- успешно претставување и афирмација на македонското нематеријално културно наследство;
- презентација на фолклорното богатство на повеќе држави и унапредување на меѓукултурниот дијалог;
- воспоставување и продлабочување на меѓународната соработка меѓу фолклорните ансамбли и културните институции;
- промоција на градот Велес како препознатлив центар на меѓународни културни манифестации;
- збогатување на културната понуда и поттикнување на културниот туризам;
- значителна посетеност и позитивен прием од страна на публиката и медиумите.

Реализацијата на фестивалот придонесе за промовирање на културната разновидност, зачувување на традиционалните вредности и поттикнување на интересот кај младите генерации за фолклорот како значаен дел од националниот идентитет.

Медиумско покривање на фестивалот

Фестивалот беше медиумски проследен преку национални и локални телевизии, електронски медиуми, интернет портали и социјални мрежи. Навременото информирање на јавноста придонесе за висока посетеност на програмските содржини и поголема видливост на фестивалот на национално и меѓународно ниво.

Покрај традиционалните медиуми, организаторот спроведе континуирана промоција преку официјалните профили на социјалните мрежи, каде што беа објавувани фотографии, видеоматеријали и информации за програмата и учесниците.

Изработен е и видео запис од сите фестивалски вечери и доставен до учесниците на Фестивалот. Сите фестивалски вечери може да се прослдат на you tube каналот на duma.mk.

https://www.cioff.org/festival/south-european-sector/north-macedonia/international-folklore-festival-veles

https://veles.gov.mk/veles-doma-in-na-21-internacionalen-fol/
https://duma.mk/region/poznati-uchesnicite-na-xxi-internacionalen-folkloren-festival-veles-2026-folkloristi-od-tri-kontinenti/
https://mia.mk/story/%D0%BE%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD-21.-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%84%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD-%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%BB-%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81-2026x9c

http://tirekovmirece.com/Novost/%D0%9E%D0%B4-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B0-1-%D1%98%D1%83%D0%BB%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%9C%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D1%84%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD-%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%BB-%D0%92%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81-2026

https://makpress.mk/2026/07/06/zavrshi-21-internaczionalen-folkloren-festival-veles-2026/

https://mia.mk/story/%D0%B2%D0%B5%D1%87%D0%B5%D1%80%D0%B2%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0-21.%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%84%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD-%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%BB-%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81-2026aRz

https://www.youtube.com/shorts/2DklyAdBWYk

https://veles.gov.mk/veles-vo-duhot-na-tradici-ata-i-kultur/

https://smart.sdk.mk/vesti/chetiri-dena-veles-ke-zhivee-so-zvukot-na-narodniot-melos-i-izvornata-pesna-za-prvpat-gosti-od-kostarika-i-albanija/

Со успешната реализација на фестивалот беа исполнети предвидените програмски цели: зачувување и афирмација на традиционалното културно наследство, поттикнување на културната размена, развој на меѓународната соработка во областа на фолклорот, промоција на културниот туризам и унапредување на културната понуда на градот Велес и Република Северна Македонија.

Манифестацијата беше реализирана успешно, согласно утврдената програма, финансискиот план и поставените цели. Сите планирани активности беа реализирани навремено и со висок организациски квалитет.

Фестивалот уште еднаш ја потврди својата улога како една од најзначајните меѓународни фолклорни манифестации во Република Северна Македонија, која преку повеќедецениска традиција придонесува за зачувување и афирмација на нематеријалното културно наследство, развој на меѓународната културна соработка и промоција на културните вредности на државата.

Поддршката од Министерството за култура и туризам имаше значајно влијание врз успешната реализација на проектот и овозможи исполнување на програмските цели, обезбедувајќи услови за достојно претставување на македонската култура пред домашната и меѓународната јавност.

Реализацијата на 21. Интернационален фолклорен фестивал „Велес 2026“ уште еднаш ја потврди неговата важност како реномирана меѓународна културна манифестација која со континуитет придонесува за зачувување, презентација и валоризација на нематеријалното културно наследство, како и за јакнење на угледот на Република Северна Македонија на меѓународната културна сцена. Постигнатите резултати, бројната посетеност, позитивните оценки од учесниците и јавноста, како и успешно реализираната програма претставуваат потврда за оправданоста и значењето на континуираната институционална поддршка на оваа манифестација.

Финансиски извештај за трошоците што се покриени со средствата одобрени од Министерството за култура и туризам		
Бр.	Опис на трошокот (патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго; по потреба, дополнете ја табелата со нови редови)	Исплатени (трошоци реализирани со средствата од Министерство за култура и туризам)
1.	Озвучување и осветлување на фестивалот	150.000,00

2.	Сместување на гостите	306.000,00
Вкупно		456.000,00

Расходи за трошоците што се покриени со средствата обезбедени од Буџетот на Општина Велес		
Бр.	Опис на трошокот (патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго;)	Износ
1.	Озвучување и осветлување на фестивалот	10.000,00
2.	Сместување на гостите	122.000,00
3.	Рекламирање на фестивалот, плакат, програма, покани, брошура, маици, благодарници и друг промотивен материјал	99.243,00
4.	Патни трошоци(превоз на гости)	10.695,00
5.	Завршна вечер за учесници на фестивалот	191.400,00
6.	Фото и видео документација (Согласно Одлуката за исплата на хонорари и други надоместоци за 21 Интернационален фолклорен фестивал „Велес“- Велес бр.09-990/10 од 09.07.2026 година)	36.667,00
7.	Авторски и други надоместоци (Согласно Одлуката за исплата на хонорари и други надоместоци за 21 Интернационален фолклорен фестивал „Велес“- Велес бр.09-990/10 од 09.07.2026 година)	298.000,00
8.	Набавка на вода за учесниците на фестивалот	51.542,00
Вкупно		819.547,00,00

Томе Јаневски,

Претседател на Организацискиот одбор

Потпис и печат: